# ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - БИТОЛА

Консолидирани Финансиски извештаи
за годината што завршува на
31 Декември 2010 и
Извештај на ревизорите

Скопје, Април 2011 година

**СОДРЖИНА**

| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независните ревизори до акционерите на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - Битола | |
| Одговорност на Менаџментот | 4 |
| Консолидирани Финансиски извештаи | |
| Консолидиран Биланс на успех | 5 |
| Консолидиран Извештај за останата сеопфатна добивка | 6 |
| Консолидиран Извештај за финансиската состојба | 7 |
| Консолидиран Извештај за промените во главнината | 8 |
| Консолидиран Извештај за паричните текови | 9 |
| Белешки кон Финансиските извештаи | 10-30 |

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 e -mail: info@rafajlovski.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - БИТОЛА**

Ние извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД Битола (Натаму: Друштвото) и нејзините подружници кои се состојат од Консолидиран Извештај за финансиската состојба заклучно со 31 Декември 2010 година, Консолидираниот биланс на успех, Консолидиран Извештај за останата сеопфатна добивка, Извештајот за промените на главнината и Извештајот за паричните текови за годината што тогаш завршува, како и преглед на значајни сметководствени политики и други објаснувачки информации.

***Одговорноста на раководството за консолидираните финансиски извештаи***

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

***Одговорноста на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на консолидираните финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

РАФАЈЛОВСКИ ревизија

ул. Орце Николов бр. 190, 1000 Скопје тел. 02/3088-900 e -mail: info@rafajlovski.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ (продолжение)**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - БИТОЛА**

***Мислење***

Според нашето мислење, консолидираните финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Друштвото заклучно со 31 Декември 2010 година, како и на нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

***Обрнување внимание***

Без да го квалификуваме нашето мислење обрнуваме внимание на Белешката 24 кон Финансиските извештаи:

- ЗК Пелагонија АД Битола заклучно со 31.12.2010 година нема евидентирано трошоци за воден надомест за користење на хидросистемот за одводнување на Пелагонија по фактури од Водостопанство Пелагонија во ликвидација Битола во износ од 24.457 илјади денари. За висината на трошоците по овие фактури се води судски спор бидејќи Водостопанство Пелагонија во ликвидација не вршел никакви дејствија за одржување и оспособување на одводната каналска мрежа.

Скопје, 8 Април 2011 година

Овластен ревизор

Софија Јанчева-Белчева

Директор

Јасмина Рафајловска

Друштво за ревизија РАФАЈЛОВСКИ РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ

**ОДГОВОРНОСТ НА РАКОВОДСТВОТО**
**ЗА КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**

Приложените Консолидирани Финансиски извештаи на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - Битола, на страниците 5 до 9 и Белешките кон истите на страниците 10 до 30 се одговорност и се одобруваат од раководството.

Друштвото го води своето сметководство во согласност со законските прописи, со принципите и правилата кои важат во Република Македонија. Приложените Консолидирани Финансиски извештаи се ревидирани за 2009 година со што се овозможени споредбени показатели со Консолидираните Финансиски извештаи за 2010 година. Консолидираните Финансиските извештаи вклучуваат одредени износи кои се базираат на најдобрите можни проценки и оценки на датумот на составувањето на Извештајот.

Врз основа на вистинитоста и објективноста на Консолидираните Финансиските извештаи, раководството има развиено и одржува внатрешна структура за контроли. Раководството верува дека внатрешните контроли овозможуваат сигурност во однос на бонитетот на финансиските евиденции и дека средствата се правилно евидентирани и вреднувани во сметководството. Внатрешниот процес на контрола исто така го вклучува и информирањето на вработените од страна на раководството за политиките кои овозможуваат етичко водење на деловното однесување.

Независните ревизори, Рафајловски ревизија ДОО - Скопје, беа ангажирани да извршат ревизија на овие Финансиски извештаи и нивниот Извештај е даден на страница 2.

Драги Петровски
Генерален Директор
на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - Битола




Славица Дреноска
Финансиски Директор
на ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - Битола

# КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ
## за годината завршена на
## 31 Декември 2010 и 2009
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2010 | 31 Декември 2009 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги | 4 | 759.356 | 1.004.326 |
| Останати приходи од дејноста | 5 | 54.988 | 108.890 |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 12 | 903.932 | 836.798 |
| Промена на вредноста на залихите | | - | (5.010) |
| Употребени залихи | | (1.182.020) | (957.466) |
| Трошоците за суровини и материјали | 6 | (2.318) | (243.072) |
| Трошоци за вработените | 7 | (239.040) | (336.320) |
| Амортизација | 11 и 12 | (63.351) | (82.048) |
| Останати расходи од дејноста | 8 | (276.021) | (478.903) |
| Нето приходи од финансирање | 9 | 3.224 | 2.766 |
| ***Загуба (Добивка) пред оданочување*** | | ***(41.250)*** | ***(150.039)*** |
| Расход за данок на добивка | 10 | (3.602) | (2.650) |
| ***Загуба за годината од континуирано работење*** | | **(44.852)** | **(152.689)** |
| ***Загуба за годината од прекинато работење*** | | **-** | **-** |
| ***НЕТО ЗАГУБА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА*** | | **(44.852)** | **(152.689)** |
| Расположиво на: | | | |
| • Сопствениците | | (44.852) | (157.331) |
| • Неконтролирано учество | | - | 4.642 |
| | | **(44.852)** | **(152.689)** |
| *ЗАГУБА ПО АКЦИЈА (ВО ДЕНАРИ)* | **19** | ***(278,41)*** | ***(799,84)*** |

***Белешките кон Консолидираните Финансиски извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите***

Финансов Директор
Славица Дреноска

Генерален Директор
Драги Петровски

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
## за годината завршена на 31 Декември 2010 и 2009
(во Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2010 | 31 Декември 2009 |
|---|---|---|---|
| ***Загуба за периодот*** | | ***(44.852)*** | ***(152.689)*** |
| ***Останата сеопфатна загуба/добивка*** | | | |
| Промени во објективна вредност на финансиски средства расположиви за продажба | | (63.897) | (136.425) |
| ***Останата сеопфатна загуба-бруто*** | **20** | **(63.897)** | ***(136.425)*** |
| ***Данок на добивка на компоненти на останата сеопфатна добивка*** | | ***6.390*** | ***13.642*** |
| ***Останата сеопфатна загуба-нето*** | | ***(57.507)*** | ***(122.783)*** |
| ***ВКУПНА СЕОПФАТНА ЗАГУБА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА*** | | ***(102.359)*** | ***(275.472)*** |

***Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите***

Финансов Директор
Славица Дреноска

Генерален Директор
Драги Петровски

# КОНСОЛИДИРАН
# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
## на 31 Декември 2010 и 2009
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2010 | 31 Декември 2009 |
|---|---|---|---|
| **А СРЕДСТВА** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Материјални средства (нето) | **11** | 673.434 | 923.788 |
| Аванси за материјални средства | | 388 | 388 |
| Биолошки средства | **12** | 94.215 | 101.192 |
| Вложувања во хартии од вредност и удели | **13** | 287.882 | 342.333 |
| Останати финансиски побарувања | | - | 86 |
| *Вкупно нетековни средства* | | *1.055.919* | *1.367.787* |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Залихи | **14** | 279.243 | 445.367 |
| Биолошки средства | **12** | 320.773 | 280.398 |
| Побарувања од купувачи и други побарувања | **15** | 246.254 | 373.742 |
| Депозити орочени во банки | **16** | 450 | 450 |
| Парични средства и парични еквиваленти | **17** | 23.903 | 23.762 |
| АВР | | 347 | 19.152 |
| *Вкупно тековни средства* | | *870.969* | *1.142.871* |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | ***1.926.888*** | ***2.510.658*** |
| **Б ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | | | |
| Акционерски капитал | **18** | 738.184 | 738.184 |
| Реинвестирана добивка | | 120.376 | 120.710 |
| Законски и други резерви | | 197.829 | 355.338 |
| Резерви за сопствени акции и други резерви | | (206.630) | (273.634) |
| Акумулирана (задржана) добивка/загуба | | 864.446 | 994.357 |
| Малцински удел | | - | 120.041 |
| *Вкупно главнина и резерви* | | *1.714.205* | *2.054.996* |
| **В ОБВРСКИ** | | | |
| Долгорочни обврски | **21** | 65.638 | 86.759 |
| Обврски од стоковни резерви | | - | 5.457 |
| Долгорочни обврски кон вработени | **22** | 9.609 | - |
| Одложен данок | | - | 5.027 |
| *Вкупно нетековни обврски* | | 75.247 | 97.243 |
| Обврски спрема добавувачи и други обврски | **23** | 127.325 | 326.172 |
| ПВР | **24** | 10.111 | 32.247 |
| *Вкупно тековни обврски* | | 137.436 | 358.419 |
| *Вкупно обврски* | | *212.683* | *455.662* |
| ***ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ*** | | ***1.926.888*** | ***2.510.658*** |

***Белешките кон Консолидираните Финансиски извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи и треба да се читаат во врска со истите***

Финансов Директор
Славица Дреноска

Генерален Директор
Драги Петровски

# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
## за годината завршена на 31 Декември 2010 и 2009
(во 000 Денари)

| **2010** | **Акционерски капитал** | **Реинвестирана добивка** | **Задолжителна општа резерва** | **Резерви за финансиски средства расположиви за продажба** | **Резерва за учеството на Жито Полог во ЗК Пелагонија** | **Резерва за сопствени акции** | **Акумулирана добивка/ загуба** | **Неконтролирано учество** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 Јануари 2010** | **738.184** | **120.710** | **310.092** | **45.246** | **(44.334)** | **(229.300)** | **994.357** | **120.041** | **2.054.996** |
| Исклучување на Жито Полог и Пелагонија Полог од консолидација | - | (334) | (98.639) | - | 44.334 | 1.754 | (63.671) | (120.041) | (236.597) |
| **Состојба по исклучување** | **738.184** | **120.376** | **211.453** | **45.246** | **-** | **(227.546)** | **930.686** | **-** | **1.818.399** |
| Загуба за 2010 година | - | - | - | - | - | - | (44.852) | - | (44.852) |
| Останата сеопфатна загуба за 2010 година | - | - | - | (63.897) | - | - | - | - | (63.897) |
| Одложен данок | - | - | - | 6.390 | - | - | - | - | 6.390 |
| **Вкупно сеопфатна загуба за 2010 година** | **-** | **-** | **-** | **(57.507)** | **-** | **-** | **(44.852)** | **-** | **(102.359)** |
| Надомест за комисија за ХВ | - | - | - | - | - | (472) | - | - | (472) |
| Поништени сопствени акции | - | - | (21.388) | - | - | 21.388 | - | - | - |
| Намалување на резерви | - | - | (13.624) | 12.261 | - | - | - | - | (1.363) |
| Зголемување на резерви | - | - | 21.388 | - | - | - | (21.388) | - | - |
| Дивиденда за други акционери | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Дивиденда за ПИОМ | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 Декември 2010** | **738.184** | **120.376** | **197.829** | **-** | **-** | **(206.630)** | **864.446** | **-** | **1.714.205** |
| **2009** | | | | | | | | | |
| **Состојба на 1 Јануари 2009** | **738.184** | **120.710** | **95.563** | **168.029** | **(44.334)** | **(229.300)** | **1.230.189** | **119.834** | **2.198.881** |
| Загуба за 2009 година | - | - | - | - | - | - | (157.331) | 4.642 | (152.689) |
| Останата сеопфатна загуба за 2009 година | - | - | - | (136.425) | - | - | - | - | (136.425) |
| Одложен данок | - | - | - | 13.642 | - | - | - | - | 13.642 |
| **Вкупно сеопфатна загуба за 2009 година** | **-** | **-** | **-** | **(122.783)** | **-** | **-** | **(157.331)** | **4.642** | **(275.472)** |
| Намалување на резерви | - | - | (55) | - | - | - | - | - | (55) |
| Намалување на ревалор. резерви по основ на продажба на основни средства | - | - | (1.376) | - | - | - | - | - | (1.376) |
| Зголемување на резерви | - | - | 211.986 | - | - | - | (34.555) | - | 177.431 |
| Обврски за даноци по записник | - | - | - | - | - | - | (1.437) | - | (1.437) |
| Дивиденда за други акционери | - | - | - | - | - | - | (32.417) | - | (32.417) |
| Дивиденда за ПИОМ | - | - | - | - | - | - | (10.559) | - | (10.559) |
| Промени на неконтролирано учество | - | - | 3.968 | - | - | - | 467 | (4.435) | - |
| **Состојба на 31 Декември 2009** | **738.184** | **120.710** | **310.092** | **45.246** | **(44.334)** | **(229.300)** | **994.357** | **120.041** | **2.054.996** |

# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
## за годината завршена на 31 Декември 2010 и 2009
(во 000 Денари)

| | 31 Декември 2010 | | 31 Декември 2009 | |
|---|---|---|---|---|
| **Готовински тек од оперативни активности** | | | | |
| Нето Загуба за финансиската година | (44.852) | | (150.039) | |
| *Корегирано за:* | | | | |
| Амортизација | 63.351 | | 82.048 | |
| Отпис на побарувања од купувачите | 4.548 | | 992 | |
| Неотпишана вредност на матер. сред. | - | | 409 | |
| Неотпишана вредност на основно стадо | 29.494 | | 14.045 | |
| Расходување и кусоци | 7.285 | | 6.852 | |
| Капитална добивка од продажба на обврзници и акции | (7.543) | | (12.349) | |
| Отпишани обврски | (176) | | (52) | |
| Приходи од дивиденди | (3.492) | | (4.656) | |
| Приходи од штети од бруцелоза | - | | (4.200) | |
| Приходи од камати | (7.552) | | (5.118) | |
| Расходи од камати | 6.910 | | 6.668 | |
| Залихи | 65.859 | | (28.121) | |
| Биолошки средства | (40.375) | | 47.057 | |
| Побарувања | 83.567 | | (50.307) | |
| Обврски | (6.786) | | 19.151 | |
| Други усогласувања | (24.428) | | (16.933) | |
| *Нето готовина од оперативни активности* | | *125.810* | | *(94.553)* |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | | | | |
| Вложувања во други друштва | (308) | | (307) | |
| Продажба на основно стадо | 10.235 | | 6.913 | |
| Продажба на материјални средства | 142 | | 450 | |
| Примени дивиденди | 3.492 | | 4.656 | |
| Набавка на материјални средства | (13.034) | | (51.043) | |
| Набавка на биолошки средства | (598) | | (1.219) | |
| Пласмани во банки | - | | - | |
| Продажба на акции | 31.401 | | - | |
| *Нето готовина од инвестициони активности* | | *31.330* | | *(40.550)* |
| **Готовински тек од финансиски активности** | | | | |
| Кредити | (135.525) | | 139.456 | |
| Купување на сопствени акции | - | | - | |
| Исплатени дивиденди | (1.507) | | (42.968) | |
| *Нето готовина од финансиски активности* | | *(137.032)* | | *96.488* |
| **Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти** | **20.108** | | **(38.615)** | |
| **Пари и парични еквиваленти на почетокот на пресметковниот период** | **23.762** | | **62.377** | |
| **Исклучување на Жито Полог и Пелагонија Полог од консолидација** | **(19.967)** | | **-** | |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на пресметковниот период** | **23.903** | | **23.762** | |

## 1. ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДРУШТВОТО

ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ КОМБИНАТ ПЕЛАГОНИЈА АД - Битола (натаму: ЗК Пелагонија) е акционерско друштво запишано во Трговскиот Регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) 4167414.

Основна дејност на Друштвото е примарно земјоделско производство од: нивски култури (пченица, јачмен, сончоглед, шеќерна репа, пченка зрно, пченка силажа и друго), одгледување на ситен и крупен добиток, сточарско производство, рибарство и овоштарство. Во својата производна дејност вклучува и производство и доработка на семенски материјал од житни, индустриски и фуражни култури и прозводство на концентрати на сточна храна.

Седиште на Друштвото е на улица Борис Кидрич број 3, Битола.

Структурата на капиталот на Друштвото по родови на акции на 31 Декември 2010 година е: 84,61% - обични акции, од кои 27,18 % се сопствени акции и 15,39% - приоритетни акции (2009: 85% обични акции, од кои 27% се сопствени акции и 15% - приоритетни акции). Во текот на 2010 година поништени се 7.018 сопствени акции без намалување на основната главнина со што бројот на обичните акции се намалува од 236.827 на 229.809 обични акции.

## 2. ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

### 2.1 Основа за подготовка

Консолидираните Финансиски извештаи за 2010 година ги опфаќаат финансиските извештаи на друштвото ЗК Пелагонија и на следниве Друштва:

- Трговско друштво за земјоделски услуги, стручна контрола и испитување на семенски материјал Пелагонија Развој 2009 ДООЕЛ - Могила, Битола (натаму: Пелагонија Развој), е друштво со ограничена одговорност од едно лице запишано во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот 6464750. Основната дејност на Друштвото се останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место. Седиште на Друштвото е на улица А бр.кај клучка/стар пат - Битола Прилеп Могила. Сопственик на Друштвото се ЗК Пелагонија АД Битола со учество од 100% во капиталот.
- Ветеринарната амбуланта - Пелагонија ВЕТ ДООЕЛ - Кравари, Битола (натаму: Пелагонија ВЕТ) е друштво со ограничена одговорност од едно лице запишано во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот 6644767. Основната дејност на Друштвото е ветеринарна дејност, главна приходна шифра 75.00. Седиште на Друштвото е на улица Гоце Делчев бр. ББ Кравари - Битола. Сопственик на Друштвото се ЗК Пелагонија АД Битола со учество од 100% во капиталот.

Во текот на 2010 година, Друштвото истапува од содружништво во Пелагонија Полог со продавање на паричниот удел од 49% на Жито Полог АД - Тетово.

Во 2010 година продадени се 16.800 акции на Жито Полог АД - Тетово со што учеството во основната главнина изнесува 35,51% (2009: 67,52%). Со настанување на овие промени Консолидираните финансиски извештаи за 2010 година не ги опфаќаат финансиските извештаи на следните Друштва: Жито Полог АД - Тетово и Пелагонија Полог ДОО - Скопје.

Друштвото финансиските извештаи ги подготвува во согласност со законските прописи во Република Македонија.

Овие Финансиски извештаи ги прикажуваат средствата и обврските кои се однесуваат на работењето на Друштвото и ставките се прикажани врз основа на метод на набавна вредност, а за одделни средства по пазарна вредност.

При изготвување на финансиските извештаи, годишната сметка на Друштвото е рекласифицирана, така што содржината и формата на прикажување се променети според начинот на прикажување според Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Финансиските извештаи се прикажани во илјада денари.

Веродостојноста е поткрепена со фактот дека Друштвото ќе продолжи да работи во иднина.

### 2.2 Подготовка во услови на инфлација

Поради влијанието на инфлацијата во Финансиските извештаи, раководството е со убедување дека Финансиските извештаи на Друштвото би требало да го рефлектираат ефектот од инфлацијата, а со тоа и ефектот од промените во куповната моќ што е во согласност со законските прописи на Република Македонија.

### 2.3 Странски валути

Искажувањето на трансакциите изразени во странски валути се врши според девизниот курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските изразени во странска валута се искажуваат во денари по средниот курс на НБРМ на последниот ден од пресметковниот период. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики опфатени се во Консолидираниот биланс на успехот како приходи или расходи од финансирањето за пресметковниот период.

### 2.4 Девизни курсеви

Официјалните девизни курсеви кои беа применети за искажување на ставките од Консолидираниот Извештај за финансиската состојба се следниве:

| Валута | **31 Декември 2010** | | **31 Декември 2009** | |
|---|---|---|---|---|
| 1 EUR | 61,5050 | Денари | 61,1732 | Денари |
| 1 USD | 46,3140 | Денари | 42,6651 | Денари |
| 1 CHF | 49,3026 | Денари | 41,1165 | Денари |

# 3. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение е изнесено резиме на значајните сметководствени политики кои беа применети при изготвувањето на Финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 Декември 2010.

## 3.1 Материјални средства

### *3.1.1. Почетно вреднување*

*Материјалните средства* (градежните објекти, постројките и опремата) почетно се вреднуваат по набавна вредност намалена за вкупниот износ на амортизација и вкупниот износ на загуба поради обезвреднување.

### *3.1.2. Последователни издатоци*

*Издатоците направени за замена на дел* од материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Друштвото. Сите други издатоци се признаваат како расход во Билансот на успех во моментот на настанување.

### *3.1.3. Амортизација*

*Амортизацијата* се пресметува по пропорционална метода со примена на пропишани стапки определени за намалување на вредноста на материјалните средства до нивната преостаната вредност. Изградените материјални средства се амортизираат од моментот кога се даваат на користење. Амортизација не се пресметува на земјиштето и инвестициите во тек.

Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација на материјалните средства, применети на некои позначајни ставки:

| | |
|---|---|
| Градежните објекти | 2,5% |
| Постројки и опрема | 5% до 25% |
| Мебел, возила и останато | 20% до 25% |

## 3.2 Биолошки средства

*Биолошките средства* освен повеќегодишните насади се искажани по пазарна вредност намалена за трошоците за реализација. Трошоците за реализација ги вклучуваат сите трошоци потребни за реализација на средствата освен транспортните и другите трошоци потребни за да се донесе средството на пазар.

### *3.2.1. Основно и обртно стадо*

*Основното и обртното стадо* се искажани по пазарна вредност која се темели на пазарна цена на стадото според значајните особини: старост, репродуктивни и генетски особини.

### *3.2.2. Повеќегодишни насади*

*Повеќегодишните насади* се искажани по набавна вредност намалена за пресметаната амортизација и вредноста заради обезвреднување.

*3.2.3. Амортизација на повеќегодишни насади*

*Амортизација на повеќегодишните насади* се пресметува по пропорционална метода со примена на пропишани стапки определени за намалување на вредноста на повеќегодишните насади до нивната преостаната вредност. На повеќегодишните насади не им се пресметува амортизација се до нивното ставање во употреба.

Годишните стапки на амортизација се:

| | |
|---|---|
| Повеќегодишни насади | 10% |

### 3.3 Вложувања во хартии од вредност

*Вложувањата во хартии од вредност* вклучуваат вложувања во акции на банки, други финансиски институции и трговски друштва, кои се расположиви за продажба.

Кога вложувањето почетно се признава друштвото ги мери според набавната вредност која што е објективна вредност на дадениот надоместок за истите.

По почетното мерење, односно во последователното мерење вложувањата во хартии од вредност се мерат според нивната објективна вредност.

### 3.4 Залихи

*Залихите* се искажуваат по пониската од набавната или нето реализациона вредност. Нето реализациона вредност е проценета продажна цена намалена за проценетите трошоци на довршување на производството и проценетите трошоци за продажба.

Ожнеаните земјоделски производи се искажуваат по пазарна вредност намалени за проценетите трошоци за реализација на денот на жнеење, утврдена согласно сметководствената политика за биолошките средства (Види сметководствена политика 3.2). Секоја промена на вредноста на датата на жнеењето се признава во Билансот на успех.

Трошењето на залихите се евидентира според методот на просечни цени.

### 3.5 Побарувања од купувачи и останати побарувања

*Побарувањата од купувачите и останатите побарувања* се водат според набавна вредност намалена за исправката на вредноста на побарувањата кои се сметаат за ненаплативи.

Ненаплативите побарувања, како и побарувањата од каматите што произлегуваат од нив, се базираат на проценката на раководството за можноста за нивна наплата.

### 3.6 Парични средства и парични еквиваленти

*Паричните средства и паричните еквиваленти* се состојат од паричните средства во благајни, на жиро сметки, чекови и депозити во банки со рок на достасаност до еден месец.

### 3.7 Акционерски капитал

#### *3.7.1. Приоритетни акции*

*Неоткупливите приоритетни акции* се класифицирани како капитал.

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување поседува 41.793 приоритетни акции, односно 15,39% од вкупниот број издадени акции и 106 обични акции на ЗК Пелагонија. Приоритетните акции се конвертибилни. До колку Фондот ги продаде, тие стануваат обични акции.

#### *3.7.2. Откуп на сопствени акции*

Во вредноста на откупот на сопствените акции се вклучуваат и трансакционите трошоци. Откупените сопствени акции се класифицираат како трезорски и се презентирани како намалување на капиталот.

#### *3.7.3. Дивиденди*

*Дивидендите* се признаваат како обврски во пресметковниот период кога се објавени.

### 3.8 Обврски за кредити

*Обврските за кредити* почетно се евидентираат според нето примените средства. До колку кредитот се исплати пред периодот на достасаност, разликата меѓу сметководствената вредност и платениот износ, веднаш се признава во Билансот на успех.

Главните извори на кредити се банки од земјата.

Сите кредити изразени во странска валута се искажани во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ на денот под кој се изготвува Консолидираниот Извештај за финансиската состојба.

Сите износи кои доспеваат за плаќање во рок од 12 месеци од денот под кој се изготвува Билансот на состојбата се класифицираат како тековни обврски.

### 3.9 Обврски спрема добавувачи и останати обврски

*Обврските спрема добавувачи и останатите обврски* се евидентираат според набавна вредност.

### 3.10 Обврски за даноци

*Даноците* се пресметуваат и се плаќаат согласно законските прописи во Република Македонија. Данокот на добивка се пресметува по пропишана стапка од 10% на непризнатите ставки на расходи, намалени за расходите со одложено плаќање (даночен кредит) како и во моментот на исплата на дивиденда и друга распределба на добивката согласно Законот за данокот на добивка.

### 3.11 Приходи од продажба

*Приходот од продажба* на производи се признава кога значителни ризици и користи од сопственоста се пренесени на купувачот и не постојат значајни неизвесности за наплатата и можно враќање на производите. Приходите од извршените услуги се признаваат во Билансот на успех до степен на завршеност на услугите на денот на Билансот.

Приходите од продажба на производи и стоки ја опфаќаат нивната фактурирана вредност.

### 3.12 Субвенции

*Субвенции* од државата кои се однесуваат на биолошките средства се признаваат во Билансот на успех како приход кога постои разумна основа дека истите ќе бидат примени.

### 3.13 Приходи и расходи од закупнина

*Приходите и расходите од оперативен закуп* се признаваат во Билансот на успех само за соодветниот пресметковен период.

### 3.14 Приходи и расходи од финансирање

*Приходите и расходите од финансирање* ги вклучуваат приходите и расходите од камати, курсни разлики и дивиденди.

Приходите од камата се признаваат во Билансот на успех кога се пресметуваат.

Приходот од дивиденда се евидентира кога е објавена дивидендата.

Каматите и другите трошоци се признаваат како расход во периодот во кој настануваат.

## 4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ

Приходите од продажба на производи, стоки и услуги се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2010** | **31 Декември 2009** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги во земјата | 676.054 | 998.489 |
| Приходи од наемнини | 341 | 342 |
| Приходи од продажба на производи, стоки и услуги во странство | 82.961 | 5.837 |
| *Вкупно реализација* | *759.356* | *1.004.326* |

Приходите од продажба на производи, стоки и услуги во земјата во износ од 676.054 иљјади денари, приходите од наемнини во износ од 341 иљјади денари и приходите од продажба на производи, стоки и услуги во странство во износ од 82.961 иљјади денари се остварени од ЗК Пелагонија АД.

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ ОД ДЕЈНОСТА

Останатите приходи од дејноста се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2010** | **31 Декември 2009** |
|---|---|---|
| Приходи врз основа на субвенции од државата | 43.853 | 79.392 |
| Капитална добивка од продажба на хартии од вредност и основни средства | 7.543 | 12.349 |
| Останати приходи | 3.592 | 17.149 |
| *Вкупно останати приходи од дејноста* | *54.988* | *108.890* |

Во 2010 година на ЗК Пелагонија и се исплатени субвенции од страна на државата во износ од 43.853 иљјади денари за засеани површини со житни култури (пченица, јачмен и друго), производство на млеко, производство на сертифициран семенски материјал и друго.

Капиталната добивка во вкупен износ од 7.543 иљјади денари е остварена од ЗК Пелагонија од продажба на обврзници од денационализација во износ од 3.855 иљјади денари, продажба на акции на Жито Полог Тетово во износ од 3.643 иљјади денари и друго.

Останатите приходи во вкупен износ од 3.592 иљјада денари се на ЗК Пелагонија во износ од 3.580 иљјади денари и на Пелагонија развој во износ од 12 иљјади денари. Останатите приходи во најголем дел се приходи од дополнително одобрени попусти, вишоци по попис, приходи од наплатени отпишани побарувања и други приходи.

## 6. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

Трошоците за суровини и материјали се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2010** | **31 Декември 2009** |
|---|---|---|
| Потрошени суровини и други материјали | 2.318 | 243.072 |
| *Вкупно трошоци за суровини и материјали* | *2.318* | *243.072* |

## 7. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

Трошоците за вработените се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2010** | **31 Декември 2009** |
|---|---|---|
| Плати и надомести на плати | 149.483 | 209.714 |
| Придонеси и даноци од плати | 69.231 | 102.965 |
| Други надоместоци на вработените | 20.326 | 23.641 |
| *Вкупно трошоци за вработените* | *239.040* | *336.320* |

Платите и надоместите во износ од 149.483 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 147.514 илјади денари, Пелагонија Развој во износ од 1.282 илјади денари и Пелагонија Вет во износ од 687 илјади денари.

Придонесите и даноците од плати во износ од 69.231 илјади денари се на следните Друштва: ЗК Пелагонија во износ од 68.302 илјади денари, Пелагонија Развој во износ од 619 илјади денари и Пелагонија ВЕТ во износ од 310 илјади.

Други надоместоци на вработените во износ од 20.326 илјади денари се од ЗК Пелагонија и Пелагонија Развој, и истите претставуваат трошоци за отпремнина за пензија и технолошки вишок во износ од 14.476 илјади денари, трошоци за регрес за годишен одмор во износ од 4.699 илјади денари и останати надомести на трошоците на вработените.

## 8. ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД ДЕЈНОСТА

Останатите расходи од дејноста се состојат од следното (во 000 денари):

| | **31 Декември 2010** | **31 Декември 2009** |
|---|---|---|
| Потрошена енергија и гориво | 132.360 | 131.379 |
| Закупнина за земјиште и други материјални средства | 40.880 | 135.801 |
| Услуги за одржување и заштита | 3.411 | 6.950 |
| Трошоци за вода и комунални услуги | 3.367 | 5.175 |
| Трошоци за наводнување и одводнување | 10.840 | 17.997 |
| Ветеринарни и други сточарски услуги | 16.374 | 22.495 |
| Трошоци за договор за дело | - | 2.868 |
| Транспортни услуги | 11.196 | 19.108 |
| Отпис на побарувања | 4.548 | 992 |
| Трошоци за репрезентација, спонзорство и реклама | 9.683 | 1.715 |
| Трошоци за банкарски провизии и платен промет | 2.987 | 3.119 |
| Останати расходи | 40.375 | 131.304 |
| *Вкупно останати расходи од дејноста* | 276.021 | 478.903 |

Останатите расходи претставуваат нето ефект од неотпишаната вредност на продаденото основно стадо во износ од 29.494 илјади денари и приходите од продажба на основното стадо во износ од 9.775 илјади денари, нето ефект од трошоците за резервни делови во износ од 44.139 илјади денари, потрошени помошни материјали во износ од 11.530 илјади денари, отпис на автогуми во употреба во износ од 6.599 илјади денари, потрошени материјали во сточарството во износ од 2.342 илјади денари загуба поради оштетување во износ од 15.297 илјади денари, кало растур на залихите во износ од 3.199 илјади денари и други трошоци со приходите врз основа на употреба на сопствени производи во износ од 51.668 илјади денари и приходите од пораст на основното стадо во износ од 30.821 илјади денари.

## 9. НЕТО ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

Нето приходите од финансирање се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2010** | **31 Декември 2009** |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 7.553 | 5.109 |
| Позитивни курсни разлики | 400 | 105 |
| Приходи од дивиденди | 3.492 | 4.656 |
| Расходи од камати | (6.911) | (6.668) |
| Негативни курсни разлики | (1.310) | (436) |
| *Вкупно нето приходи од финансирање* | *3.224* | *2.766* |

## 10. ДАНОК НА ДОБИВКА

Данокот на добивка по стапка од 10% се плаќа на непризнатите расходи намалени за расходите со одложено плаќање (даночен кредит), како и во моментот на исплата на дивидендата и друга распределба од добивката во согласност со законските прописи во Република Македонија.

## 11. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Материјалните средства се состојат од следново (во 000 денари):

| **2010** | **Земјиште** | **Градежни објекти** | **Постројки, опрема и други средства** | **Инвестиции во тек** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2010* | *71.087* | *1.062.483* | *2.033.542* | *15.708* | *3.182.820* |
| Исправка на почетно салдо со исклучување на Жито Полог и Пелагонија Полог | (44.131) | (243.703) | (198.631) | (5.688) | (492.153) |
| *Повторно утврдено салдо на 1 Јануари 2010* | *26.956* | *818.780* | *1.834.911* | *10.020* | *2.690.667* |
| Зголемувања | 192 | 1.246 | 5.451 | 7.520 | |
| Пренос на инвестиции во тек | - | - | - | - | - |
| Намалувања | - | (4.246) | (8.265) | (14.634) | |
| *Салдо на 31 Декември 2010* | *27.148* | *815.780* | *1.832.097* | *2.906* | *2.677.931* |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2010* | - | *599.991* | *1.659.041* | - | *2.259.032* |
| Исправка на почетно салдо со исклучување на Жито Полог и Пелагонија Полог | - | *(179.348)* | *(125.449)* | - | *(304.797)* |
| *Повторно утврдено салдо на 1 Јануари 2010* | - | *420.643* | *1.533.592* | - | *1.954.235* |
| Амортизација на материјални средства за 2010 | - | 17.440 | 45.047 | - | *62.487* |
| Намалувања | - | (4.246) | (7.979) | - | *(12.225)* |
| *Салдо на 31 Декември 2010* | - | *433.837* | *1.570.660* | - | *2.004.497* |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2010*** | ***27.148*** | ***381.943*** | ***261.437*** | ***2.906*** | ***673.434*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2010*** | ***71.087*** | ***462.492*** | ***374.501*** | ***15.708*** | ***923.788*** |
| **2009** | | | | | |
| **Набавна вредност** | | | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2009* | 70.653 | 1.051.264 | 2.010.570 | 19.512 | 3.151.999 |
| Зголемувања | 434 | 8.704 | 9.047 | 40.120 | *58.305* |
| Пренос на инвестиции во тек | - | 2.706 | 20.036 | (22.742) | - |
| Намалувања | - | (191) | (6.111) | (21.182) | *(27.484)* |
| *Салдо на 31 Декември 2009* | *71.087* | *1.062.483* | *2.033.542* | *15.708* | *3.182.820* |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2009* | - | 577.809 | 1.607.661 | - | 2.185.470 |
| Амортизација на материјални средства за 2009 | - | 22.283 | 57.416 | - | *79.699* |
| Намалувања | - | (101) | (6.036) | - | *(6.137)* |
| *Салдо на 31 Декември 2009* | - | *599.991* | *1.659.041* | - | *2.259.032* |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2009*** | ***71.087*** | ***462.492*** | ***374.501*** | ***15.708*** | ***923.788*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2009*** | ***70.653*** | ***473.455*** | ***402.909*** | ***19.512*** | ***966.529*** |

Во текот на 2010 година, Друштвото ЗК Пелагонија АД, извршило купување на 1 ha земјоделско земјиште од физичко лице во вкупен износ од 192 илјади денари.

Друштвото е корисник на 18.188 ха земјоделско земјиште од кои 17.660 ха е во сопственост на Република Македонија, дел од 441 ха се води како имот на физички лица а се користи од Друштвото и 87 ха земјиште се во негова сопственост.

За користење на земјоделското земјиште на 15.10.1998 година склучен е договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за долгорочен закуп на земјоделското земјиште и анекс договори од 08.12.2005 година, 09.05.2008, 20.08.2008 година и 13.05.2010 година (Анекс број 4). Со одредбите на анекс договорот е регулирана висината на закупнината за користеното земјоделско земјиште и тоа:

- ✓ во ридско - планинските подрачја се плаќа по 100 кгр пченица по хектар изразена во денарска противвредност и
- ✓ за рамничарските подрачја се плаќа по 300 кгр пченица по хектар изразена во денарска противвредност.

Зголемувањето на градежните објекти во вкупен износ од 1.246 илјади денари е од Друштвото ЗК Пелагонија.

Дел од недвижностите (градежните објекти), кои ЗК Пелагонија ги поседува се евидентирани во имотни листови со право на сопственост, и тоа во: Говедарска фарма - Породин, Свињарска фарма - Породин, Говедарска фарма - Новаци, Говедарска фарма - Радобор, ПЕ - Породин, Фурна - Породин, ЗУРС - Кукуречани, Генерална дирекција - Битола итн. Постапка за запишување на сопственоста врз недвижностите (градежните објекти) и понатаму продолжува со изработка на Геодетски елаборати за снимање и етажен премер на објектите кои ги поседува Друштвото.

Зголемувањето на постројките, опремата и други средства во износ од 5.451 илјади денари се набавки во: ЗК Пелагонија во износ од 5.446 илјади денари и Пелагонија Развој во износ од 5 илјади денари.

Инвестициите во тек се неактивирани материјални средства. Нивното зголемување во најголем дел се однесува на извршени градежни работи и вложување во опрема, а намалувањето се должи на активирање на материјалните средства.

Заради обезбедување на Договор број 08-1722/2 од 28.04.2009 година за одобрување на краткорочен рамковен револвинг кредит за обртни средства во износ од 60.000 илјади денари, Друштвото има хипотека на недвижен имот во корист на банката. Заклучно со 31.12.2010 година, износот на кредитот е вратен во целост а рокот на користење на кредитот е заклучно со 31.03.2011 година (Види белешка 23).

## 12. БИОЛОШКИ СРЕДСТВА

Биолошките средства се состојат од следново (во 000 денари):

| **2010** | **Недовршени земјоделски производи** | **Основно стадо** | **Живина** | **Обртно стадо** | **Повеќе-годишни насади** | **Средства во подготовка** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2010 | *241.155* | *88.879* | *8.730* | *39.243* | *3.583* | - | *381.590* |
| Исправка на почетно салдо со исклучување на Жито Полог АД | - | - | *(8.730)* | - | - | - | *(8.730)* |
| *Повторно утврдено салдо на 1 Јануари 2010* | *241.155* | *88.879* | - | *39.243* | *3.583* | - | *372.860* |
| Зголемување како резултат на набавки | - | 507 | - | - | - | 530 | 1.037 |
| Намалување како резултат на продажби | - | (8.777) | - | - | - | - | (8.777) |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | (636.483) | - | - | (216.658) | - | - | (853.141) |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 678.282 | 10.416 | - | 215.234 | - | - | 903.932 |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | - | - | - | - | (923) | - | (923) |
| ***Состојба на 31 Декември 2010*** | **282.954** | **91.025** | **-** | **37.819** | **2.660** | **530** | **414.988** |
| *Нетековни средства* | - | *91.025* | - | - | *2.660* | *530* | *94.215* |
| *Тековни средства* | *282.954* | - | - | *37.819* | - | - | *320.773* |
| ***Вкупно биолошки средства*** | **282.954** | **91.025** | **-** | **37.819** | **2.660** | **530** | **414.988** |
| **2009** | | | | | | | |
| Состојба на 1 Јануари 2009 | 300.289 | 69.629 | 5.040 | 27.166 | 4.506 | - | 406.630 |
| Зголемување како резултат на набавки | - | 1.219 | 5.116 | - | - | - | 6.335 |
| Намалување како резултат на угинување | - | - | - | - | - | - | - |
| Намалување како резултат на продажби | - | (6.913) | - | (231.771) | - | - | (238.684) |
| Ожнеани земјоделски производи пренесени во залихи | (627.140) | - | - | - | - | - | (627.140) |
| Промена на вредноста на биолошките средства | 568.006 | 24.944 | - | 243.848 | - | - | 836.798 |
| Трошоци на амортизација на биолошките средства | - | - | (1.426) | - | (923) | - | (2.349) |
| ***Состојба на 31 Декември 2009*** | ***241.155*** | ***88.879*** | ***8.730*** | ***39.243*** | ***3.583*** | **-** | ***381.590*** |
| *Нетековни средства* | - | *88.879* | *8.730* | - | *3.583* | - | *101.192* |
| *Тековни средства* | *241.155* | - | - | *39.243* | - | - | *280.398* |
| ***Вкупно биолошки средства*** | ***241.155*** | ***88.879*** | ***8.730*** | ***39.243*** | ***3.583*** | **-** | ***381.590*** |

Основното стадо прикажано на 31 Декември 2010 година се состои од 2.569 молзни крави, високо стелни јуници и телиња (2009: 2.724); 491 нерези, маторици и назимки (2009: 462) и 4.571 овни, овци, ѕвиски, шилежиња, приплодни јагниња, кози и прчови (2009: 4.433). Во текот на годината завршена на 31 Декември 2010 година, Друштвото има продадено 181 молзни крави, високо стелни јуници и телиња (2009: 149); 106 нерези, маторици и назимки (2009: 70); 442 овни, овци, ѕвиски, шилежиња и приплодни јагниња (2009: 190).

Обртното стадо прикажано на 31 Декември 2010 година се состои од 620 телиња (2009: 628); 3.690 товеници и прасиња (2009: 2.641); 363 дојни јагниња и јариња (2009: 173) и 107.853 килограми риба (2009: 109.157).

Во текот на годината завршена на 31 Декември 2010 година, Друштвото има продадено 377 телиња (2009: 399), 5.194 товеници и прасиња (2009: 3.653) и 2.315 дојни јагниња (2009: 1.203).

На 31 Декември 2010 година Друштвото има засеано 11.790 хектари есенски (2009: 11.533), 4.735 хектари пролетни полјоделски култури (2009: 4.661) и 650 хектари повеќегодишни насади (2009: 939). Во текот на годината Друштвото има ожнеано есенски и пролетни полјоделски култури со пазарна вредност од 636.483 илјади денари (2009: 627.140).

## 13. ВЛОЖУВАЊЕ ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Вложувањата во хартии од вредност се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2010** | **31 Декември 2009** |
|---|---|---|
| Вложувања во акции расположиви за продажба по објективна вредност во ЗК Пелагонија | 287.882 | 308.657 |
| Вложувања во акции расположиви за продажба по објективна вредност во Жито Полог | - | 33.676 |
| *Вкупно вложувања во хартии од вредност* | *287.882* | *342.333* |

Акциите расположиви за продажба се вреднувани по објективна вредност (Види Белешка 3.3).

Вложувањата во акции расположиви за продажба по објективна вредност во износ од 287.882 илјади денари се вложувања на ЗК Пелагонија во акции вреднувани по последна цена од Македонска берза на хартии од вредност во следните друштва (во 000 денари):

| | **31 Декември 2010** | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно** |
| Стопанска Банка АД Битола (обични) | 82.781 | 2.890 | 239.237 |
| Централна Кооперативна Банка АД - Скопје (обични) | 265 | 1.000 | 265 |
| Жито Вардар АД Велес (обични) | 4.245 | 1.700 | 7.217 |
| Жито Полог АД Тетово (обични) | 21.007 | 1.900 | 39.914 |
| Жито Лукс (приоритетни) | 1.856 | 560 | 1.039 |
| Карномак АД Битола (обични) | 10.510 | 20 | 210 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | *287.882* |

| | 31 Декември 2009 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно (во 000 денари)** |
| Стопанска Банка АД Битола (обични) | 82.781 | 3.600 | 298.012 |
| Централна Кооперативна Банка АД - Скопје (обични) | 265 | 1.000 | 265 |
| Жито Вардар АД Велес (обични) | 4.245 | 2.151 | 9.131 |
| Жито Лукс (приоритетни) | 1.856 | 560 | 1.039 |
| Карномак АД Битола (обични) | 10.510 | 20 | 210 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | *308.657* |

Во 2009 година не се искажани вложувањата во акции на Жито Полог АД - Тетово, бидејќи учеството беше 67,52% и со корекциите што се направени, по стандардите за консолидација беа елиминирани во Консолидираните финансиски извештаи.

Вложувањата во акции расположиви за продажба по објективна вредност се вложувања на Жито Полог кои се состојат од следното:

| | 31 Декември 2010 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно** |
| ТТК банка АД - Скопје (обични акции) | - | - | - |
| Комерцијална банка АД - Скопје (приоритетни акции) | - | - | - |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | - |

| | 31 Декември 2009 | | |
|---|---|---|---|
| | **Број на акции** | **Последна цена** | **Вкупно (во 000 денари)** |
| ТТК банка АД - Скопје (обични акции) | 40.258 | 830 | 33.414 |
| Комерцијална банка АД - Скопје (приоритетни акции) | 84 | 3.120 | 262 |
| *Вкупно финансиски вложувања* | | | *33.676* |

Вложувањата во акции расположиви за продажба по објективна вредност во Жито Полог АД - Тетово во 2010 година не се прикажани бидејќи се продадени 16.800 акции на Жито Полог АД - Тетово од страна на ЗК Пелагонија АД - Битола со што учеството во основната главнина изнесува 37,51% (2009: 67,52%).

Со настанување на овие промени, Жито Полог АД - Тетово не е вклучен во Консолидираните финансиски извештаи за 2010 година.

Друштвото согласно Извештајот за имател на состојба од Централен Депозитар за хартии од вредност има вкупно 82.781 акции на Стопанска банка АД Битола од кои според Решение број 3495 од гувернерот на Народна Банка на РМ, 63.381 акции не му носат право на глас и право на исплата на дивиденда.

## 14. ЗАЛИХИ

Залихите се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2010** | **31 Декември 2009** |
|---|---|---|
| Материјали | 40.431 | 129.304 |
| Резервни делови | 69.625 | 71.288 |
| Ситен инвентар | 25.082 | 28.475 |
| Земјоделски производи | 144.105 | 205.612 |
| Готови производи од пекарска и мелничка индустрија | - | 9.346 |
| Трговски стоки | - | 1.342 |
| *Вкупно залихи* | *279.243* | *445.367* |

## 15. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ И ДРУГИ ПОБАРУВАЊА

Побарувањата од купувачите се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2010** | **31 Декември 2009** |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи | 209.016 | 270.676 |
| Побарување за данок на додадена вредност | 4.487 | 7.717 |
| Побарувања за краткорочни заеми | 5.066 | 5.118 |
| Побарувања од државата | 12.961 | 82.305 |
| Други побарувања | 39.394 | 30.143 |
| Исправка на вредноста за сомнителни и спорни побарувања | (20.310) | (17.857) |
| Вредносно усогласување на краткорочни заеми и други побарувања | (4.360) | (4.360) |
| *Вкупно побарувања од купувачи* | *246.254* | *373.742* |

Другите побарувања во износ од 39.394 илјади денари се побарувања на ЗК Пелагонија, од кои најголем дел се побарувања од асигнации и цесии во износ од 28.046 илјади денари.

## 16. ДЕПОЗИТИ ОРОЧЕНИ ВО БАНКИ

Депозитите орочени во банки се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2010** | **31 Декември 2009** |
|---|---|---|
| Депозити орочени во Тетекс Кредитна банка | 450 | 450 |
| *Вкупно депозити во банки* | *450* | *450* |

## 17. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

Паричните средства и парични еквиваленти се состојат од следново (во 000 денари):

| | 31 Декември 2010 | 31 Декември 2009 |
|---|---|---|
| Благајна | 158 | 287 |
| Денарска сметка | 23.727 | 23.475 |
| Девизна сметка | 15 | - |
| Државни обврзници | 3 | - |
| *Вкупно парични средства* | *23.903* | *23.762* |

## 18. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИТЕ

### 18.1 Акции по родови и сопственост

Акциите по родови и сопственост се следниве:

| Родови на акции | Во сопственост на 2010 | Состојба 01.01.10 | % | зголем. | намал. | 31.12.10 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Обични акции* | Физички лица | 83.389 | 29,93 | 3.187 | - | 86.576 | 31,87 |
| | Правни лица | 77.709 | 27,89 | - | 3.187 | 74.522 | 27,44 |
| | Откупени сопствени акции | 75.729 | 27,18 | - | 7.018 | 68.711 | 25,30 |
| *Приоритетни акции* | ФПИО | 41.793 | 15,00 | - | - | 41.793 | 15,39 |
| | ***Вкупно*** | ***278.620*** | ***100%*** | | | ***271.602*** | ***100%*** |

| Родови на акции | Во сопственост на 2009 | Состојба 01.01.09 | % | зголем. | намал. | 31.12.09 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Обични акции* | Физички лица | 85.545 | 30,70 | - | 2.156 | 83.389 | 29,93 |
| | Правни лица | 75.553 | 27,12 | 2.156 | - | 77.709 | 27,89 |
| | Откупени сопствени акции | 75.729 | 27,18 | - | - | 75.729 | 27,18 |
| *Приоритетни акции* | ФПИО | 41.793 | 15,00 | - | - | 41.793 | 15,00 |
| | ***Вкупно*** | ***278.620*** | ***100%*** | | | ***278.620*** | ***100%*** |

Обичните акции се со номинална вредност од 52,69 евра според Акционерската книга и Извештајот за имател со состојба на 31.12.2010 од Централен Депозитар за Хартии од вредност. Според Тековна состојба од Централен регистар на РМ номиналната вредност на акциите е 51,13 евра. Ова несогласување е резултат на неприфаќање на одлуката за поништување на сопствените акции без намалување на основната главнина од страна на Централниот регистар на РМ. Поради тоа е поведен управен спор против Комисијата за жалби на Централниот регистар на РМ.

Имателите на обични акции имаат право на дел од остварената добивка (дивиденда) и добиваат право на еден глас на Собранието на акционери за еквивалент од 1 акција. Имателите на приоритетни акции имаат право на дивиденда од најмалку 2% годишно на износот на кој гласат акциите и сразмерно учество во добивката ако на обичните акции им се исплатува дивиденда над овој износ, право на првенство во наплатата на дивидендата и на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната, односно ликвидационата маса и немаат право на глас. Приоритетните акции на ФПИОМ не се кумулативни.

Во однос на сопствените акции поседувани од Друштвото (види подолу) сите права се суспендирани до моментот на нивната повторна продажба.

Покрај тоа, имателите на неоткупливи приоритетни акции имаат право и на сразмерно учество во остатокот на добивката, ако на имателите на обичните акции им се исплатува дивиденда над 2%.

На 31 Декември 2010 година вкупниот број на неоткупливи приоритетни акции изнесува 41.793 (2009: 41.793) во посед на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување кои согласно законот во моментот на нивна продажба се конвертираат во обични акции.

### 18.2 Резерва за сопствени акции кај ЗК Пелагонија

Резервата за сопствени акции на Друштвото ја сочинува набавната вредност на акциите во сопственост на Друштвото. На 31 Декември 2010 година Друштвото има во посед 68.711 сопствени акции (2009: 75.729). Друштвото во 2010 година донело одлука за поништување на 7.018 сопствени акции без намалување на основната главнина. Централниот Регистар на РМ не ја прифати оваа одлука поради што од страна на Друштвото е поведен управен спор против Комисијата за жалби на Централниот регистар на РМ.

### 18.3 Задолжителна општа резерва

Задолжителна општа резерва се формира согласно одредбите на Законот за трговските друштва, односно Статутот на Друштвата преку пресметување и издвојување од добивката на процент кој не може да биде помал од 15%, се додека резервите на Друштвата не достигнат износ кој е еднаков на една петтина од основната главнина. Додека не се постигне пропишаниот минимум, задолжителната општа резерва може да се користи само за надоместување на загубата.

Кога ќе се достигне пропишаниот минимум, задолжителната општа резерва може да се користи и за исплата на дивиденди, врз основа на одлука на надлежниот орган на Друштвото, но само ако висината на дивидендите за деловната година не го достигне минимумот за исплата, пропишан со Законот за трговските друштва или Статутот на Друштвото.

## 19. ЗАГУБА/ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА

Загубата/заработката по акција е следнава (во денари):
**Загуба/добивка расположива за имателите на обични акции и дивиденда на приоритетни акции (во 000 денари):**

| | 31 Декември 2010 | 31 Декември 2009 |
|---|---|---|
| Загуба за годината | (44.852) | (152.689) |
| Дивиденда на приоритетни акции | - | 122 |

**Просечен број на обични акции**
(во број на акции):

| | 31 Декември 2010 | 31 Декември 2009 |
|---|---|---|
| *Издадени обични акции на 1 Јануари* | *161.098* | *191.051* |
| Ефект од откупени сопствени акции | - | - |
| *Просечен број на обични акции на 31 Декември* | *161.098* | *191.051* |
| **Загуба(заработка) по акција = (загуба /добивка) - дивиденда на приоритетни акции)/ просечен број на обични акции)** | ***(278,41)*** | ***(799,84)*** |

## 20. ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ЗАГУБА

### 20.1 Обелоденување на компоненти од останата сеопфатна загуба/добивка (во 000 денари)

| | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Промена во објективна вредност на финансиски средства расположиви за продажба | - | - |
| Загуби кои произлегуваат во текот на годината | (63.897) | (136.425) |
| Намалено за: | | |
| Корекција за рекласификација за признати добивки/загуби вклучени во Билансот на успех | - | - |
| Останата сеопфатна загуба/добивка | (63.897) | (136.425) |
| Данок на добивка на останата сеопфатна загуба/добивка | 6.390 | 13.642 |
| **Останата сеопфатна загуба - нето** | **(57.507)** | **(122.783)** |

### 20.2 Обелоденување на даночни ефекти кои се однесуваат на секоја компонента од останата сеопфатна загуба/добивка (во 000 денари)

| | 2010 | | | 2009 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ пред оданочување** | **Приход/ расход за данок** | **Износ нето** | **Износ пред оданочување** | **Приход/ расход за данок** | **Износ нето** |
| Промена во објективна вредност на финансиски средства расположиви за продажба | (63.897) | 6.390 | (57.507) | (136.425) | 13.642 | (122.783) |
| **Останата сеопфатна загуба/добивка за годината** | (63.897) | 6.390 | (57.507) | (136.425) | 13.642 | (122.783) |

## 21. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

Долгорочните обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2010** | **31 Декември 2009** |
|---|---|---|
| Долгорочни кредити на ЗК Пелагонија | 65.638 | 65.638 |
| Долгорочни кредити на Жито Полог | - | 17.432 |
| Обврски на Жито Полог за финансиски лизинг - Хипо Алпе Адриа Лизинг | - | 3.232 |
| Долгорочни кредити на Пелагонија Полог | - | 457 |
| *Вкупно долгорочни обврски* | *65.638* | *86.759* |

Долгорочните кредити од банки се врз основа на конверзија на краткорочни кредити за обртни средства во долгорочни кредити согласно законските прописи во Република Македонија.

Кредитите конверзирани во 1995 година се со еднократен рок на враќање на 31.03.2020 година. На овие кредити не се пресметува и наплатува камата. Друштвото има обврска да плаќа провизија по стапка од 2,5%.

Долгорочните кредити на ЗК Пелагонија во износ од 65.638 илјади денари се кредити добиени од повеќе банки и тоа од: Стопанска банка АД - Битола во износ од 60.905 илјади денари, Комерцијална банка АД - Скопје во износ од 2.400 илјади денари, Тетекс Кредитна банка АД - Скопје во износ од 2.000 илјади денари и БНТ Банка во износ од 333 илјади денари.

## 22. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ КОН ВРАБОТЕНИ

Долгорочните обврски кон вработени во износ од 9.609 илјади денари се согласно Програмата на Друштвото за надминување на економско-финансиските потешкотии и воведување економски, организациони, технолошки, структурни и други промени од деловни причини од 2010 година. Согласно Програмата, Друштвото ќе исплаќа испратнини во висина согласно член 97 став 1 од Законот за работни односи и член 50 од Колективниот договор на вработените во Друштвото, како и стимулативни испратнини согласно член 51 од Колективниот договор на вработените во Друштвото. Според Програмата обврските на Друштвото треба да се исплатат заклучно со 2015 година, по следната динамика (во 000 денари):

| | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Обврски кон вработени за испратнини за технолошки вишок | 3.637 | 3.222 | 2.144 | 606 | 9.609 |

Обврските кон вработени за испратнини за технолошки вишок за 2011 година во износ од 3.093 илјади денари се искажани како краткорочни (тековни) обврски.

## 23. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ И ДРУГИ ОБВРСКИ

Обврски спрема добавувачите и други обврски се состојат од следново (во 000 денари):

| | **31 Декември 2010** | **31 Декември 2009** |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 87.237 | 137.593 |
| Обврски спрема добавувачи во странство | 15.809 | 720 |
| Обврски за примени аванси | 1.059 | 20.793 |
| Обврски кон вработени и други обврски | 19.032 | 14.586 |
| Обврски за дивиденди | 655 | 2.367 |
| Обврски за краткорочни кредити | - | 141.525 |
| Обврски за данок на добивка | 1.783 | 1.509 |
| Останати обврски | 1.750 | 7.079 |
| *Вкупно краткорочни обврски спрема добавувачи и други обврски* | *127.325* | *326.172* |

## 24. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Пасивните временски разграничувања во износ од 10.111 илјади денари се пресметани приходи врз основа на поднесени барања до Министерството за земјоделие на Република Македонија за уништено заболено основно и обртно стадо од бруцелоза во износ од 9.366 илјади денари и пресметани приходи од примени аванси во износ од 745 илјади денари.

## 25. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА

### 25.1 Потенцијални обврски

Друштвото е вклучено во судски постапки во кои се јавува како тужена страна со правни и физички лица во вкупен износ од 28.045 илјади денари од кои најголемо е учеството на споровите со Водостопанство Пелагонија во износ од 24.457 илјади денари, Старт ДОО во износ од 1.147 илјади денари, Хидроинженеринг ДООЕЛ во износ од 849 илјади денари, Златис ДОО во износ од 505 илјади денари и други.

Раководството на Друштвото нема направено проценка на идните можни потенцијални загуби во врска со ваквите судски спорови со оглед на должината и неизвесноста на овие судски спорови.

### 25.2 Потенцијални побарувања

Друштвото води судски постапки во кои се јавува како тужител во вкупен износ од 7.185 илјади денари.

## 26. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

### 26.1 Валутен и кредитен ризик

Друштвото во своето работење стапува во меѓународни трансакции заради набавка и продажба на добра. Овие набавки се искажани во странски валути. Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија.
До денот на составување на Билансот на состојба немаше значајна концентрација на кредитен ризик.

## 27. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

По датумот на составување на Извештајот на финансиската состојба не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.